ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**

Министерство за финансии

**Предмет на ревизија:**

Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637)

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**

- Земјиштето и дел од објектите за кое МФ има стекнато право на трајно користење не се сметководствено евидентирани, а дел од објектите се евидентирани без вредност,
- активностите за спроведување на пописот на средствата и обврските не се целосно извршени,
- недоследности при спроведувањето на дел од јавните набавки.

**Издадено мислење/заклучок***

Со извршената ревизија за 2021 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

**Клучни препораки:**

- Продолжување со отпочнатите активности за обезбедување на имотни листови и за утврдување на вредноста за недвижностите и нивно сметководствено евидентирање,
- спроведување на попис на средства и обврски согласно законската регулатива.

**Клучни системски слабости:**
- Усогласување на Законот за организација и работа на органите на државната управа со поодделните закони за нивното основање,
- отсуство на законско регулирање на висината на платата на посебните советници.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Од страна на овластеното лице на Министерство за финансии добиено е Известување дека ќе се постапи по дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

*** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Еманул Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk